ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-5004/3
24.12.2024 година

Врз основа на член 6 став 1 точка 2 и точка 4 и член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-5004/1 од 16.12.2024 година, поднесено од барателот [redacted], го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

**I.** Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-5004/1 од 16.12.2024 година, поднесено од барател[redacted] кое се бара информации од јавен карактер:

- „да му се достават сите барања од фирми за поставување на фотоволтаични централи на територија на Општина Велес за 2024 година “ и

-„да му се достават сите одобренија за фотоволтаични централи кои Општина Велес ги има издадено за 2024 година“

и истите да му се достават на барателот во електронска форма, **ДЕЛУМНО СЕ УСВОЈУВА.**

**II.** Имателот на информации Општина Велес го известува барателот дека информациите кои се однесуваат на барањата од фирми за поставување на фотоволтаични централи на територија на Општина Велес за 2024 година, се информации кои содржат лични податоци чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци и истите се стекнати односно составени за спроведување на управна постапка кај имателот на информации Општина Велес по барања на правни лица од Општина Велес за свои индивидуални и приватни потреби и истите не се од јавен карактер односно јавен интерес.

**III.** Имателот на информации Општина Велес го одобрува барањето во точка 2 која се однесува на поднесени барања и издадени одобренија за фотоволтаични централи на објекти а се од јавен интерес.

**Образложение**

Барател[redacted] до имателот на информации Општина Велес поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-5004/1 од 16.12.2024 година, со кое побара информација:

-„да му се достават сите барања од фирми за поставување на фотоволтаични централи на територија на Општина Велес за 2024 година “ и

-„да му се достават сите одобренија за фотоволтаични централи кои Општина Велес ги има издадено за 2024 година“ и истите да му се достават на барателот во електронска форма.

Општина Велес / Municipality of Veles
Street: „Panko Brashnar" No. 1
1400 Veles, North Macedonia
Tel/fax: ++389 43 232 966
e-mail: opve@veles.gov.mk
www.veles.gov.mk

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапија по горенаведеното барање за добивање на информација од јавен карактер, и во законски определениот рок согласно член 3, став 1, алинеја 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија“ бр.101/19), пристапија кон изработка на тест за штетност.

Врз основа на направениот тест на штетност Бр.26-5004/ 2 од 24.12.2024 година, имателот Општина Велес констатира дека бараните информации од точка 1 од барањето се информации кои содржат лични податоци чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци и истите се стекнати односно составени за спроведување на управна постапка кај имателот на информации Општина Велес по барања на физички и правни лица од Општина Велес за свои индивидуални и приватни потреби и истите не се од јавен интерес, односно дека бараните информациии се информациии од членот 6 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, поради што имателот на информации може да одбие барање за пристап до ваквите информации.

Во однос на точка 2 од барањето имателот на информации Општина Велес го одобрува барањето која се однесува на поднесени барања и издадени одобренија за фотоволтаични централи на објекти а се од јавен интерес.

Имено, до Општина Велес во согласност со член 78-б од Законот за градење и согласно Законот за енергетика и Правилникот за обновливи извори на енергија се доставени вкупно 3(три) известувања во хартиена форма за поставување на фотоволтаични централи на објекти со приложена документација и тоа:

1. Известување Бр.13-1764/1 од 03.04.2024 година од ООУ „Лирија“с.Бузалково Велес с.Бузалково Велес, Основен проект тех.бр.0157-10/23, 40 KWp од ТИПИНГ Јагода ДООЕЛ Велес;
2. Известување Бр.08-2413/4 од 05.06.2024 година, од НАРОДЕН МУЗЕЈ -ВЕЛЕС, Основен проект 09-299/2 од Мај, 2024 година
3. Известување Бр.08-1048/3 од 06.09.2024 година од ОКТА Рафинерија на нафта Акционерско друштво-Скопје, Основен проект бр.08-003/24 од август 2024 за 16, 1 kW од ДТУ ИНТЕБАКО ДОО Скопје, за фотоволтаична централа на објект на ОУ „Св.Кирил и Методиј“Велес.

Според член 25 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информација со решение може во целост или делумно да го одбие барањето, ако утврди дека бараната информација е информација од членот 6 став (1) од овој закон, имајќи го предвид резултатот од спроведениот тест за штетност.



Општина Велес / Municipality of Veles
Street: „Panko Brashnar" No. 1
1400 Veles, North Macedonia
Tel/fax: ++389 43 232 966
e-mail: opve@veles.gov.mk
www.veles.gov.mk

Во член 3, став 1, алинеја 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е предвидено дека Тестот за штетност е задолжителна постапка со која имателот на информацијата ги проверува последиците врз интересот кој се заштитува, односно јавниот интерес што би се постигнал со објавувањето на информациите.

Законската дефиниција на "јавниот интерес" значи дека остварувањето на јавниот интерес подразбира остварување на интересот на пошироката заедница како целина, којшто има првенство пред индивидуалните потреби и права на поединците.

Целта на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е на физичките и правните лица да им се овозможи да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и обезбедат јавност и отвореност во работењето на органите, за начинот на користење и трошење на јавните пари, парите на граѓаните, да се овозможи учество на граѓаните во креирањето и водењето на јавните политики и слично.

Законот за слободен пристап нема за цел преку поднесување на барање за пристап до информации од јавен карактер да овозможи пристап до информации за индивидуални и приватни права и обврски на физички и правни лица, со што барателите на информации ќе остваруваат лични, приватни или индивидуални права или како странки да обезбедуваат докази за водење на судски постапки, дополнително да бараат и предлагаат преземање на управни дејствија и донесување на потврди, извештаи и/или други акти, за кои се во тек, или врз основа на бараните податоци ќе бидат поведени постапки пред надлежните судови, каде што барателот за пристап до информации од јавен карактер е една од странките во спорот и истиот своето право го остварува согласно одредбите од други материјални закони, како Законот за адвокатура, Законот за парничната постапка и други материјални закони.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес службени лица за посредување
со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*